**Горанчо Ангелов (Штип, Македонија)***

# ИЗРАБОТУВАЧОТ НА НАРОДНИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ДРАГИ КОСТОВСКИ ОД ШТИП

**Абстракт:** Со миграцијата на релација село – град, народните музички инструменти гајда, кавал, тамбура, ќемене, тапан, дудуче и шупелка се пренесуваат и во градските средини, постепено заземајќи рамноправно место покрај инструментите применувани во градската музичка традиција, а со тоа добивајќи и своја улога во градењето на музичката култура во градот Штип. Изработувањето било од страна на самите инструменталисти и од страна на љубители на овие инструменти кои поседувале соодветен алат за изработување на народни музички инструменти. Еден таков пример е Драги Костовски, родум од виничкото село Калиманци, кој во Штип живее од 1972 г.

**Клучни зборови**: народни музички инструменти, тамбура, прим, ќемене, гајдарка, шупелка, алати, мајстор, пласман.

Во нашето истражување го опфативме присуството на изработувачи на народни музички инструменти во Штип и  изработувачот на народни музички инструменти, Драги Костовски, човек кој што долги години дава придонес во зачувувањето на народната музичка традиција во Штип и пошироко.

Во текот на нашето долгогодишно истражување поврзано со употребата и изработувањето на македонските народни музички инструменти во градот Штип имавме ретка можност, непосредно да се здобиеме со информации за присуството и застапеноста на овој вид занает.

Истражувањето го фокусиравме на еден од ретките изработувачи на народни музички инструменти во Македонија и во Штип, мајсторот Драги Костовски. Тој долги години континуирано изработува музички инструменти за потребите на народните свирачи во Штип и пошироко. Преку оваа студија ќе ги презентираме неговите изработувачки достигнувања, првите средби со народните музички инструменти, причините поради кои тој се нафатил на овој редок и благороден занает и неговите индивидуални сознанија и иновации кои што ги применува во изработувањето на инструментите сé до нивниот плсман.

Статијата опфаќа биографија и шест поднаслови во кои се поместени конкретните информации здобиени од теренското истражување.

**Биографски податоци** Драги Костовски е роден 1947 год. во село Калиманци, Виничко, а во Штип живее од 1972 година. Во животот се бавел со многу работи но никогаш не свирел на некој музички инструмент,  но  сепак, во секој случај е голем љубител на музиката која се интерпретира на народните музички инструменти. Првата непосредна средба со народните музички инструменти, Драги ја има во 1988 г., во тогашното Културно-уметничко друштво „Ванчо Прќе“ во Штип, каде што покрај

* Авторот е дипломитран изведувач на народни инструменти и магистер по етномузикологија и професионално се занимава со едукација на музичи кадри во Средното музичко училиште “Сергеј Михајлов” во Штип,  како и на Факултетот за музичка уметност на оддлот за Етнокореологија при Универзитетот “Гоце Делчев” во Штип, каде што е ангажиран како хонорарен професор.



играорната секција имало и неколку инструменталисти на народни инструменти и оркестар од народни инструменти, составен од гајда, тамбура и дудуче. Продолжува да го слуша звукот на гајдата и кај неговиот пријател Јаким Ангелов-Јаче, гајдаџија, и неговиот син Горанчо Ангелов кој свирел на гајда учејки од постарите гајдаџии кои живееле во Штип. Во тоа време, кај Јаким се собирале голем број гајдаџии кои свиреле и пееле, но и ги придружувале песните испеани од Трајан Панов, Бажо Андонов и чичко Стево, тогаш познати интерпретатори на народни песни. Воодушевен од звукот и енергијата која што ја манифестирала гајдата преку мелодиите, мелизмите и нејзиниот енергичен и впечатлив бордун, кај Драги се јавува огромна желба да изработи еден од овие инструменти. Тој вели дека за да се изработи квалитетен инструмент кој ќе ги задоволи музичките критериуми, мошне важно е изработувачот да знае и да свири на инструемнтот што сака да го направи. Тоа не бил случајот со него но сепак тој отпочнува да изработува музички инструменти. Свирењето на инструментот кој што тој го изработил го смета за голема предност пред купувачите за кои се наменети инструментите, бидејќи на тој начин ќе го презентира квалитетот на инструментот и неговото ниво на изработување.

**Првиот изработен инструмент** Кога Драги се почуствувал подготвен, а неговата љубопитност и желба за изработување на народни музички инструменти веќе не можел да ја скроти, започнува да го изработува неговиот прв инструмент. Тоа било *тамбура*, инструмент за кој имал осмислено сопствени димензии, а имал набавено и подготвено и материјал за негово изработување. Тоа се случува во 1988 година. За првиот изработен инструмент самиот е мошне самокритичен и искрен. Потсетувајќи се на тоа минато време, вели дека тамбурата којашто прва ја изработил, ни од далеку не ги задоволила неговите очекувања и потребните крутериуми и имала многу техничко-акустички недостатоци. Сепак првиот обид и негов делумен успех кај него не предизвикало разочарување, туку продолжил со изработувањето на втор инструмент, исто така тамбура, за кој вели дека веќе била со подобрени можности.[1] За недостатоците кои се јавиле кај првиот изработен инструмент вели дека се резултат на недостатокот на соодветни димензии за тамбурата, односно, дека ја изработил според негови димензии и сопствена визија. Покрај немањето соодветни димензии, како друга причина поради која не успеал во намерата го нагласува и немањето соодветен алат со чија помош ќе го обработува материјалот за изработување на инструментот. По овие пропусти, Драги сватил дека мора да се подготви и да се консултира со постарите изработувачи околу некои клучни прашања поврзани со материјалот за изработка на музички инструмент и околу процесот на изработување од кое зависел крајниот резултат. Патот го води кај повеќе изработувачи во Македонија, меѓу кои и кај Томе Петрески, син на познатиот изработувач на гајди од Прилеп, Орде Петрески. Ова искуство стекнато со контактите со изработувачите на инструменти, му го променило начинот на размислување и на организирање на целиот процес. Изработувачите кај кои се обратил не му ги откриле сите тајни околу изработувањето, туку само му дале

[1] Голем број на потенцијални изработувачи (претежно свирачи или занаетчии), се имат обидено да направат музички инструмент и доколку тоа не им успее од првпат, многу ретко се обидуваат повторно. Ова го сметаме за негативна појава и немање доволно желба бидејќи праксата покажува дека со секој нареден изработен инструмент се подобруваат неговите карактеристики.

површни информации кои подоцна и самиот ги открил.[2] Придобивката од овие средби била тоа, што тој самиот имал можност да увиди што сé е потребно за изработката на музичките инструменти, односно, дека мора да има соодветен и однапред подготвен материјал за обработка и соодветни технички помагала – алат, со кој што ќе го обработува материјалот. Желбата за дополнителни информации за изработување на инструменти ја поткрепил и со набавувањето на стручна литература поврзана со оваа проблематика преку која го продлабочува неговото знаење, практично применувајќи го искуството произнесено во научните публикации. Драги Костовски ги нагласува предностите доколку се свири на инструментот што се изработува за да може да се почувствуваат неговите музички карактеристики, а него најмногу го привлекувал инструментот гајда по што тој отпочнал да го изучува свирењето на гајда.

**Материјал за изработување на инструментите** „Од создавањето на светот па до денес, дрвото како материјал, неразделно ги придружувало сите фази на човечкиот живот и битно влијаелео за неговиот опстанок и за еволуцијата на неговиот род. Не напразно прастариот човек на некои дрвја им давал култно значење или ги прифаќал и толкувал како божества“ (Чајканович: 102-116).

Поголем дел од составните делови на инструментите се изработуваат од дрво. Околу набавувањето на дрвото, потребни се и одредени познавања за составот на тоа дрво, односно цврстина, подобноста за обработување и неговата издржливост и трајност. Како што вели мајсторот Драги, секој изработувач користи дрво кое што може да го набави во неговата непосредната околина, но доколку во близина нема дрво кое ги исполнува потребните критериуми, тој го набавува од друго место. Мошне важно е да се знае дека материјалот од којшто се изработуваат инструментите има огромна улога, како во текот на процесот на обработувањето, така и во текот на музичко-репродуктивниот процес. Имајќи во предвид, дека основната намена на музичкиот инструмент е преку музиката произведена со него да се предизвикаат одредени внатрешни чувства, за квалитетен звук мора да се одбере и соодветно дрво кое е погодно за обработување и на крај, од него треба да се произведуваат милозвучни тонови на кои слушателот нема да остане рамнодушен. Од видовите дрва за изработка на тамбури, ќемениња и примови, тој го користи дрвото јавор (бел и кафеав), а за изработување на дрвените делови на гајдата, користи зеленика, помеѓу народот позната и како шимшир. Изработувачот Драги, дрвото го набавува од околината на неговото родно село Калиманци. Покрај дрвото, се набавуваат и други материјали кои се потребни за останатите делови на инструментите, коишто не се изработуваат од дрво. Останати материјали се: рог од бивол, метал, влакна од коњски опаш, трски за изработување на писки за гајди и боја со која се премачкуваат инструментите, за да се добие трајност и отпорност од временските влијанија, за на крајот инструментот да добие и естетска вредност.[3] Трските кои што ги употребува за изработување на писките за гајда, ги бере исклучиво во околината на светиниколското село Сарамзалино, место за кое дознал од негов близок пријател.

[2] Од нашите постојани контакти со голем број изработувачи на народни музички инструменти заклучивме дека многу ретко некој би го кажал целиот процес на изработување. Тоа го сметаат за нивно лично наследство и аманет од нивните претци, а оние пак, кои што сами отпочнале со изработување, велат дека патот којшто тие сами го поминале во осознавањето на овој занает, би го пренеле само на некој од потесната фамилија, сметајќи го неговиот успех за семејно постигнување.

[3] Во недостаток на рогови од бивол, овие делови се изработуваат од пластика, материјал кој може да се обликува и да се користи како замена за роговите од животинско потекло кои се потешко може да се најдат за разлика од минатото.

**Подготвување на материјалот** Во изработувачкиот процес, мајсторот големо внимание посветува на одбирањето на материјалот за изработување на инструментите и на неговото подготвување за понатамошна обработка. Во одбирањето на материјалот треба да се запазат некои поставени критериуми за на крајот да се добие квалитетен и функционален музички инструмент. За дрвото вели, дека го бере од повисоки места, каде што почвата е посува, за дрвото да не содржи голем процент на вода во него, односно од место кое во текот на поголемиот дел од денот е изложено на сончевите зраци и има поголема циркулација на воздухот. Дрвата набрани од вакви места, се одликуваат со поголема цврстина од оние кои се наоѓаат во повлажни места и веројатноста да се оштетат во текот на обработувањето е многу помала. По берењето, дрвото го остава да отстои на суво место најмалку една година за по природен пат да ја изгуби влажноста која што ја содржи во себе. Вака исушеното дрво е спремно за понатамошно делување врз него, без опасност да се искриви, или пак, да напукне, односно да се скрши.

Мајстор Драги вели, дека има и друг начин да се забрза процесот на сушење, но тоа не го препорачува, бидејќи може да дојде до искривување на дрвото, по што тоа станува неупотребливо. Тој напоменува, дека во поново време е се́ потешко да се набави погодно дрво за изработка на инструменти, од едноставни причини, бидејќи при нелегално сечење на огревно дрво, многу често се сече и дрвото коешто е погодно за изработување на инструменти и кое завршува за огрев. Потенцира дека сега мора да оди многу подалеку на недостапни места, каде се́ уште може да се пронајде дрво погодно за изработување на музички инструменти.

**Технички помагала – алат** Драги започнува да набавува и соодветен алат со чија помош ќе го обработува материјалот потребен за изработување на музички инструменти. За овие потреби набавува разни алатки, како: стругови, пили, бургии, длета и др. кои што му биле потребни за да го обработува дрвото и од него да оформи инструмент со тонски и естетски вредности кои ќе ги задоволат критериумите на секој кој што ќе засвири на нив. Во набавувањето на алат наидува на одредени проблеми, бидејќи некои од потребните алатки не можеле да се најдат во продажба, туку биле изработени од самите изработувачи. Драги вели, дека останатите мајстори кај кои бил, алатките ги наследиле од своите претходници, од кои го наследиле и занаетот, но не дозволувале нивно копирање, бидејќи за нив тие биле свети и оставени во аманет од нивните предци. Започнува сам да ги изработува, прилагодувајќи ги според неговите потреби, а од голема помош му било неговото претходно познавање и работа со одредени индустриски машини и алатки.

По изработувањето на потребните алатки, следниот изработен инструмент во споредба со првиот, веќе имал значителни подобрувања. Задоволен од неговото достигнување и олеснувањето кое го добива со алатките, започнува со изработувањето и на други музички инструменти како: гајда, кавал, шупелка, дудуче и прим.

За изработување на инструментите составени од цилиндрични делови изработува уште една алатка која е со помасивна конструкција. Набавува одредени делови кои му се потребни и по сопствен нацрт изработува машина, со која на полесен и посигурен начин ќе ги изработува споменатите делови на инструментите, кај народот позната како „дребанг“. Оваа машина, Драги ја користи за изработување на дел од составните елементи на гајдата, шупелката, кавалот и дудучето, кои се со цевкаста (цилиндрична)

форма, при што постигнува високи естетски карактеристики, кои понекогаш играат клучна улога во продавањето на инструментите.



Изработка на дел од гајда на дребанг [*], конструиран и изработен од Костовски

**Естетско обликување на инструментите** „Понекогаш, доволен е само еден краток поглед на некој музички инструмент односно на неговата орнаментика (украсеност), и врз основа на неговата надворешна форма да да се констатира од каде потекнува, и на каква културна средина припаѓа“ (Gojković A. 1994: 59).

Естетското обликување уште од минатото било предизвик, не само за изработувачите, туку и за инструменталистите коишто ги украсувале своите инструменти со одредени фигури. Во овој поглед, Драги се издвојува од останатите изработувачи, бидејќи неговата желба за украсување (орнаментирање) и естетско обликување на инструментите е мошне изразена, што се гледа и од самите музички инструменти изработени од него. Самиот смета, дека покрај квалитетниот тон, инструментот треба да има и одредени естетските вредности.[4] За таа намена одвојува голем дел од неговото време, за кое вели дека воопшто не жали, бидејќи преку овие украсувања, тој е препознатлив и се идентификува во музичкиот свет. За украсување на инструметните користи рачни и алатки од фабричко производство а за украсување употребува мотиви од природата и геометриски фигури. Ги украсува сите составни делови на инструментите, од крупните до најситните.



Орнаменти кај делови на инструменти

[*] Дребанг - термин модифициран во духот на македонскиот јазик од герм.: Drehbank – струг

[4] Украсувањето претежно се поврзува со одредени верувања но во практика украсувањето нема никакво влијание на тонот на инструментот туку само ја збогатува естетската вредност на инструментот.



Украсување на гајдарка

**Пласман на инструментите** Во продажбата и пласманот на инструментите, голема улога играл квалитетот на инструментите и конкурентноста од други изработувачи. Според мајстор Драги, многу е важно, доколку инструментите се употребуваат од познати и докажани изведувачи (инструменталисти), кои ќе го истакнат квалитетот на инструментот преку нивното музицирање и со тоа, на тој начин му прават презентирање и афирмирање на изработувачот. Исто така истакнува, дека е невозможно да се егзистира само од изработка на музички инструменти, но тој и понатаму ќе продолжи со нивно произведување, бидејќи овој занает му причинува големо задоволство и му ја исполнува душата.

**Прилог**: Фотографии на инструменти изработени од Драги Костовски



Тамбура



Кавал



Делумно подготвени гајдарки



Ќемене

**Користена литература**:
- Gojković Andrijana, Muzički instrumenti – mitovi i legende, simbolika i funkcija, Beograd, 1994.
- Чајканович Веселин, О магији и религији – култ дрвета и биљки код старих Срба, Просвета, Београд, 1985.
- Влаховиќ Митар, „О слепим гусларима у јужној Србији“, Гласник Етнографског музеја у Београду, книга VI, 1931, стр. 100-106.
- Gojković Andrijana, Narodni muzićki instrumenti, Vuk Karadžić, Beograd, 1989.
- Gojković Andrijana, Muzićki instrumenti – Mitovi i legende, simbolika i funkcija, Beograd, 1994.
- Golemovič Dimitrije, Kad instrument progovori,tnomuzikološki ogledi, Beograd,1997.
- Devič Dragoslav, Muzički instrumenti na srednovekovnim freskama srbije i makedonije, Zvuk, br.3. Sarajevo, 1974.
- Dević, Dragoslav, Etnomuzikologija III deo ( instrumenti), skripta, Fakultet umetnosti u Beogradu, Beograd, 1977
- Zganec Vinko, Oko definicije folklore, Zvuk br 52, Beograd, 1962.
- Zečevič Slobodan, Folkloristika i etnomuzikologija, Zvuk br.64, Beograd, 1965.
- Кауфман Николај, Б’лгарска народна музика, Наука и искуство, Софија, 1970.
- Кличкова Вера, Народни музички инструменти у Македонији, Рад V Конгреса СФЈ у Зајечару и Неготину, 1958, Београд, 1960.
- Кличкова Вера, Зурлаџиско-гајдарски занат у Прилепу, Народно стваралаштво, св.11, Београд, 1964.
- Линин Александар, Народните музички инструменти во Македонија, Македонска книга, Скопје, 1986.
- Rihtman Cvjetko, Metod prikupljavanja i vrednovnja narodnog muzićkog stvaralaštva, Rad XVII kongresa SUFJ, Poreč, 1970, Zagreb, 1972.

**Gorancho Angelov (Shtip, Macedonia)***

## FOLK MUSICAL MAKER DRAGI KOSTOVSKI FROM SHTIP

### Sumary

The information we got from our informant Mr. Dragi Kostovski has inestimable value because this highly skilled craftsman is still maintaining his craft, by which he would become recognizable in the years that follows. We gave the reasons and motives how he got interested in this rare craft; we talked about his first acquaintance with the folk musical instruments, the methods he uses to treat the material and the problems he faces with while creating folk musical instruments. Finally, we came up with a conclusion that this craft does not make enough for living, and on the other side the state institutions that study the traditional crafts have not shown a greater interest in preserving the craft of making folk musical instruments.

* The author is a graduated folk instrument player and a master of ethnomusicology. Professionally, he educates young music cadres at the secondary Music School “Sergej Mihajlov” Shtip. He also teaches at the Faculty of Music, department of ethno-dancing at “Goce Delchev” University in Shtip, as a part-time lecturer.